Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

[redacted]

**Република Македонија**
**Јавно претпријатие за**
**државни патишта**

**ЕМБС:** 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. 02-5037/5

Дата: 11.06.2015

Скопје

Врз основа на член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 11.6.2015 година ја донесе следнава

ОДЛУКА

Член 1

Се усвојува Планот за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година на Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 2

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Претседател на Управен одбор
Сања Минкова

Изработил/Контролирал: Перица Спасевски, Раководител на Сектор
Одобрил: Лидија Крстевска, Помошник Директор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавно Претпријатие за Државни патишта
Бр. 02-5037/4
11.06.2015
Скопје

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14 , 43/14, 130/14 и 180/14), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор донесе:

## ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2015 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. Годишниот план за јавните набавки за 2015 година број 02-227/7 од 13.01.2015 година се менува во следната точка:

   76. Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат Градско – Велес се менува во називот и гласи:

   Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на државен пат А2, делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Р. Бугарија)

   Очекуваниот почеток на постапката се поместува од септември во јули и проценетата вредност на договорот се намалува од 25.000.000 денари без ДДВ на 22.880.000 денари без ДДВ. Износот на ДДВ од 4.500.000 денари се намалува на 4.118.400 денари и износот вкупно со ДДВ од 29.500.000 денари се намалува на 26.998.400 денари.

Односно во Годишниот план за јавните набавки во 2015 година со број 02-227/7 од 13.01.2015 година, горенаведената јавна набавка се менува и изменетиот план гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот без ДДВ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 76 | Изработка на проектна документација за реконструкција и рехабилитација на државен пат А2, делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Р. Бугарија) | јули | Отворена постапка | 22,880,000 ден. | 4,118,400 ден | 26,998,400 ден. |

2. Годишниот план за јавните набавки за 2015 година број 02-227/7 од 13.01.2015 година се дополнува со следната јавна набавка:

   - Изработка на проектна документација за изградба на клучка Јурумлери на државен пат А4, делница Хиподром - Петровец

Односно Годишниот план за јавните набавки за 2015 година број 02-227/7 од 13.01.2015 година, се дополнува со точка 79 за горенаведената јавна набавка и планот гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот без ДДВ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 79 | Изработка на проектна документација за изградба на клучка Јурумлери на државен пат А4, делница Хиподром - Петровец | јули | Отворена постапка | 2,120,000 ден. | 381,600 ден. | 2,501,600 ден. |

3. Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2015 година број 02-227/7 од 13.01.2015 година останува непроменет.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Извадокот бр. 42-17/61 од 10.03.2015 година, од Нацрт – записникот од Шеесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.03.2015 година, точка 172: Прашања и предлози, Владата донесе заклучоци со кои на Јавното претпријатие за државни патишта:

1. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта, да подготви Проектно – техничка документација за доизградба на клучка Јурумлери, на автопатската делница Скопје – Петровец во 2015 година
3. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта да подготви Проектно – техничка документација за рехабилитација и реконструкција на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Република Бугарија).

Покрај горенаведеното измената на планот во точка 76 се врши и од причина што во моментов ЈП за државни патишта спроведува договор за изработка на проектна документација за изградба на делницата Ранковци – Крива Паланка на ниво на експресен пат. Согласно договорот, проектната документација треба да биде изготвена до 23.07.2015 година. За оваа делница во тек се преговори со Светска банка за финансирање на нејзината изградба. Согласно моменталните планови, изградбата на оваа делница се очекува да започне во 2016 година.

На оваа делница се надоврзува делницата Крива Паланка – ГП Деве Баир, која е дел од Пан-европскиот коридор VIII (национална ознака А2) и истата овозможува поврзување на северо-источниот дел од Република Македонија со Република Бугарија.

Делницата Крива Паланка – ГП Деве Баир се карактеризира со исклучително неповолни хоризонтални елементи на трасата, кој воедно претставуваат потенцијални црни точки. На делницата има кривини со релативно мали радиуси, кои ја ограничуваат брзината на движење и прегледноста при одвивање на сообраќајот. Истата се карактеризира и со појава на оштетувања на асфалтниот коловоз.

Од тие причини, неопходно е отпочнување на постапка за изработка на проектна документација за рехабилитација со реконструкција на делницата Крива Паланка – ГП Деве Баир. Со проектната

документација, покрај рехабилитација на постојниот коловоз, би се предвидела и реконструкција на критичните места на делницата, што ќе овозможи побрз и побезбеден транспорт на луѓе и добра.

Дополнувањето на планот со точка 79 се врши од причина што во поширокаата околина на Скопје, на територијата на општините Илинден и Петровец, во околината на државниот пат А1 постојат повеќе населени места (Трубарево, Идризово, Јурумлери, Мралино, Кадино, Илинден...). На делница од државниот пат А1 во должина од приближно 10km, врската помеѓу овие населени места е овозможена само преку постојната клучка Кадино.

Имајќи предвид дека во изминатиот период овие населени места се во постојан развој, неопходно е да се овозможи побрза меѓусебна комуникација, како и подобра поврзаност на државната патна мрежа.

Имајќи го ова предвид, неопходно е отпочнување на постапка за изработка на проектна документација за понатамошна изградба на клучка Јурумлери.

Финансиските средства за двете горенаведени набавки се обезбедени од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2015 година, односно финансиските средства за горенаведените набавки се во рамки на средствата кои беа предвидени за јавна набавка на Изработка на проектна документација за рехабилитација на државен пат Градско – Велес, која јавна набавка ќе биде спроведена во 2016 година.

**Претседател на Управен одбор**

**Сања Минкова**

Изработил:
Душан Бокан
Контролирал:
Перица Спасевски
Одобрил:
Лидија Крстевска